**Претпријатието за нафтени цевоводи Солун-Скопје- ВАРДАКС АД (ENTERPRISE THESSALONIKI – SKOPJE – VARDAX PIPELINE S.A.) ("Вардакс СА"),** со регистрирано седиште на 7-ми км Солун – Верија, Солун, Република Грција (7th km Thessaloniki – Veroia, Thessaloniki, Republic of Greece) со регистарски број 058928704000, даночен / ДДВ бр. 999640175, постапувајќи директно и преку својата подружница **Претпријатие за нафтени цевоводи Солун-Скопје- ВАРДАКС АД- Подружница Вардакс Скопје („Подружница Вардакс Скопје")**, со регистрирано седиште на во Миладиновци бр.Инсталации-ОКТА П.Ф./66 Миладиновци, Илинден, Република Северна Македонија, со ЕМБС 6161138, и ЕДБ MK4030006611851 ("**ВАРДАКС**" или "**Операторот**") на ден 03/2026 го донесе следниот

# ЦЕНОВНИК ЗА ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ

## I. Поле на примена

### Поле на примена
### Член 1

(1) Овој Ценовник за Транспортни услуги („**Ценовникот**") го утврдува Надоместокот за Транспорт и применливите попусти засновани на волумен, релевантни за Транспортната услуга што ја обезбедува Операторот на Корисникот, како што е предвидено во Договорот за пристап склучен помеѓу Операторот и Корисникот.

(2) Овој Ценовник претставува составен дел од Договорот за пристап, но останува предмет на измени по сопствена дискреција на Операторот, како што е предвидено овде.

(3) Во случај на каква било несогласност помеѓу овој Ценовник и Договорот за пристап, условите во Договорот за пристап ќе имаат предност, освен ако изречно не е поинаку уредено.

### Дефиниции
### Член 2

(1) Следните поими ќе го имаат следново значење:

1) **Договор за пристап**: Договорот помеѓу Операторот и Корисникот со кој се регулираат условите под кои Операторот ќе обезбеди Транспортни услуги на Корисникот за транспорт на Производ преку Продуктоводот од Влезната точка на Продуктоводот до Излезната точка на Продуктоводот.
2) **Отпремен Терминал**: VARDAX-TIC Терминал (терминалот за празнење и испраќање на Продуктоводот лоциран во границите на Солунскиот индустриски комплекс на ХЕЛПЕ во Солун, Република Грција).
3) **Влезна точка на Продуктоводот**: излезната точка на мерната станица на Отпремниот Терминал поврзана со Продуктоводот.
4) **Излезна точка на Продуктоводот**: излезната точка на мерната станица на Приемниот Терминал поврзана со Продуктоводот.
5) **Производ**: нафтениот дериват дизел со ултра ниска содржина на сулфур кој ги исполнува применливите барања за квалитет за горива како што е наведено во Договорот за пристап.
6) **Продуктовод**: Продуктоводот Солун-Скопје.
7) **Операторот**: ВАРДАКС

8) **Приемен Терминал:** VARDAX-OIC Терминал (приемниот терминал на Продуктоводот, кој се наоѓа во границите на индустрискиот комплекс на ОКТА, лоциран на улица „Миладиновци“ бр. 1, број 25, Илинден, Република Северна Македонија).
9) **Надоместок за Транспорт:** надоместокот што го должи Корисникот за Транспортната услуга што ја извршил Операторот
10) **Транспортна Услуга:** Услугите што ги обезбедува Операторот на Корисникот според Договорот за пристап, а кои се состојат од транспорт на Производот обезбеден на Влезната точка на Продуктоводот преку Продуктоводот, па сè до Излезната точка на Продуктоводот.
11) **Корисник:** правното лице прималел на Транспортните услуги.

## II. Надоместок за Транспорт

### Износ на Надоместокот за Транспорт
### Член 3

(1) Надоместокот за Транспорт ќе изнесува 14,5 евра по $m^3$ ($EUR/m^3$) на 15°C.
(2) Надоместокот за Транспорт дефиниран во став (1) од овој член не вклучува ДДВ. Доколку е применливо, ДДВ дополнително ќе се пресмета и ќе се наведе во фактурите издадени од Операторот.

### Начин на плаќање
### Член 4

(1) Надоместокот за Транспорт ќе биде пресметан и фактуриран од Подружницата Вардакс Скопје на Корисникот.
(2) Фактурата издадена од Подружницата Вардакс Скопје ќе биде изразена во денари. За конверзија од евра во денари ќе се користи средниот курс објавен од Народната банка на Република Северна Македонија, кој важи на денот на издавање на фактурата.

## III. Попусти

### Годишен попуст базиран на количина
### Член 5

(1) За Договори за пристап со договорено време на важење за календарска година (1 јануари - 31 декември) или подолго, Операторот ќе му одобри на Корисникот годишен попуст базиран на количина, којшто се однесува на вкупната транспортирана количина на Корисникот во рамките на соодветниот период.
(2) За Договори за пристап што важат подолго од една година, ограничувањата на годишната транспортирана количина дефинирани во Табела 1 од став (3) од овој член се прилагодуваат пропорционално како што е дефинирано во член 6 од овој Ценовник.
(3) Применливите стапки на попуст, врз основа на ограничувањата на годишната транспортирана количина, се наведени во Табела 1 подолу:

Табела 1

| Годишна транспортирана количина (од-до) изразени како m3 мерени на 15 степени Целзиусови | Стапка на попуст на годишна транспортирана количина [$EUR/m^3$] |
|---|---|
| 0 - 249.999 | 0,0 |
| 250.000 – 319.999 | 1,0 |
| 320.000 – 409.999 | 2,0 |
| 410.000 – 499.999 | 3,0 |
| 500.000 | 4,0 |

(4) Годишните попусти базирани на количина дефинирани во Табела 1 од став (3) од овој член не вклучуваат ДДВ. Доколку е применливо, ДДВ дополнително ќе се пресмета и ќе се наведе во книжните одобренија издадени од Операторот.

**Сразмерен попуст базиран на количина**
**Член 6**

(1) Доколку Договорот за пристап започне да важи по почетокот на календарската година и опфаќа период што ја вклучува целата следна календарска година, ограничувањата на годишната транспортирана количина дефинирани во Табела 1 од Член 5 погоре, за периодот на важење на Договорот за пристап што претходи на целата календарска година, се прилагодуваат сразмерно. Прилагодувањето се пресметува на следниот начин:

**Прилагодени гранични мери на годишна транспортирана количина (од-до) = Период на важење на Договорот за пристап за претходниот период (во денови)/365 x гранични мери на Годишен транспортиран волумен (од-до)**

(2) Сразмерното прилагодување на годишната транспортирана количина од став (1) на овој член ќе се применува и во случаи кога активното работење на Продуктоводот ќе биде скратено, во рамките од една цела календарска година вклучено во времето на важење на Договорот за пристап, поради причини дефинирани во Договорот за пристап.

**Пресметка на попуст базиран на количина; Издавање на книжни одобренија**
**Член 7**

(1) Операторот го пресметува износот на попустот базиран на годишна количина на крајот од секоја календарска година со примена на соодветната стапка на попуст претставена во Табела 1 од членот 5 став (3) на овој Ценовник на која одговара вкупната количина транспортирана за потребите на Корисникот во тој период.
(2) Операторот ќе издаде книжно одобрение на Корисникот за применливиот износ на попуст базиран на количина, што ќе биде резултат на множење на вкупната количина на транспортиран Производ со соодветната стапка на попуст избрана во пресметката како што е дефинирано во Табела 1 од Член 5 од овој Ценовник.
(3) Книжното одобрение ќе го намали фактурираниот износ на Надоместокот за Транспорт во пресметковниот период за износот на пресметаната применлива стапка на попуст.
(4) Книжното одобрение се издава во рок од 10 работни дена по завршувањето на соодветната календарска година.
(5) За пресметаниот износ на Попустот, Корисникот ќе добие книжно одобрение издадено од Подружницата Вардакс Скопје.
(6) Книжното одобрение издадена од Подружницата Вардакс Скопје ќе биде изразена во денари. За конверзија, од евра во денари ќе се користи средниот курс објавен од Народната банка на Република Северна Македонија, кој важи на денот на издавање на книжното одобрение.

## IV. Услови на плаќање

**Услови на плаќање**
**Член 8**

(1) Корисникот е должен да ја плати секоја фактура во целост во рок од 15 дена од датумот на фактурата.

(2) Сите плаќања ќе се вршат во валутата наведена во фактурата и преку банкарски трансфер на соодветните платежни сметки назначени од Операторот.
(3) Корисникот ги сноси сите банкарски трошоци или трансакциски трошоци поврзани со банкарскиот трансфер.
(4) Во случај на доцнење при плаќањето, на доспеаниот неплатен износ ќе се пресмета камата по стапка за законската казнена камата, пресметана од датумот на доспеаност до датумот на целосно плаќање. Операторот може да ја додаде акумулираната камата на следната фактура или може да издаде посебна фактура за казнената камата.
(5) Корисникот е должен да му достави на Операторот доказ за секое плаќање по барање, вклучувајќи детали за трансакцијата со кои се потврдува датумот, износот и банкарска потврда.

## V. Измени на Ценовникот

### Измени
### Член 9

(1) Операторот го задржува правото да го измени, дополни или замени овој Ценовник, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на, промени во цените, структурата на попусти и методологиите на пресметка, по сопствено наоѓање.
(2) Корисникот потврдува дека износите на надоместоците и попустите дефинирани во овој Ценовник се предмет на периодично разгледување и евентуална измена од страна на Операторот.
(3) Корисникот потврдува и се согласува дека Операторот нема да биде одговорен за какви било побарувања, загуби или штети што произлегуваат од измени на овој Ценовник.
(4) Секоја измена направена на овој Ценовник ќе стапи во сила 30 дена по објавувањето од страна на Операторот на неговата веб-страница, освен ако не е потребен пократок период за усогласување на работењето со задолжителните законски барања, вклучително и правилата за јавни давачки според кои било Применливи закони.

## VI. Период на важност на Ценовникот

### Период на важност
### Член 10

(1) Овој Ценовник стапува во сила од денот на неговото донесување и ќе остане во сила сè додека не биде ажуриран или изменет од страна на Операторот.